РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-3785/1
08-08-2025 20 год.viti
Скопје-Shkup

# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |
| Назив на предлогот на закон: | Нацрт Закон за рударство (*) |
| Одговорно лице и контакт информации: | Филип Петровски<br>Filip.petrovski@energy.gov.mk<br>Горан Јовановски<br>Goran.Jovanovski@energy.gov.mk |
| Вид на Извештај | Нацрт |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | - Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Во овој закон се транспонираат одредбите од Директивата 2006/21/ЕЗ за управување отпад од индустрија за екстракција и Регулатива (ЕУ) 2024/1252 за воспоставување рамка за обезбедување на сигурно и одржливо снабдување со критични суровини. |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 28. 07.2025 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1. Опис на состојбите

Со Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), се регулирани постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, надзор и контрола на вршењето на концесиската дејност. Се наметна потребата од донесување на нов Закон за рударство со кој ќе бидат регулирани постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, условите при експлоатацијата и преработката на минералните суровини, како и усогласување на националното законодавство на ЕУ односно со Директивата 2006/21/ЕЗ за управување отпад од индустрија за екстракција и Регулатива (ЕУ) 2024/1252 за воспоставување рамка за обезбедување на сигурно и одржливо снабдување со критични суровини.

Покрај обврската за транспонирање на актуелното законодавство на ЕУ во областа на минералните суровини, неопходноста од нови законски решенија произлегува и од досегашната примена на одредбите содржани во важечкиот Закон за минерални суровини, со кое се укажа дека одредени законски решенија треба да се променат за да одговорат на новите потреби и развојни трендови во глобалниот и домашниот рударски сектор.

Имајќи во предвид дека во некои држави во регионот, материјата на деталните геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини се регулира со посебни закони кои само по себе претставуваат сеопфатна и засебна целина, се пристапи кон донесување на посебен закон за рударство.

## 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Следните прашања и предизвици се појавија во досегашната примена на одредбите за експлоатација на минералните суровини содржани во Законот за минерални суровини и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон:

- не беа јасно утврдени постапките за доделување на концесии за експлоатација на минералните суровини со кои ќе се овозможи одржлива експлоатација и преработка на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина и здравјето на луѓето, така и од аспект на нивната цел и содржина;
- не е јасно утврдена постапката за едностран раскин на договорите за концеија за експлоатација склучени со концесионерите обврските кои произлегуваат од истите, од аспект на продедуралните дејствија, услови и рокови;
- не беше предвидена можност за дефинирање на минерални суровини од јавен и стратешки интерес;
- не беше предвидена можност за поставување на мерен инструмент на товарената минерална суровина,
- не е јасно дефинирана постапката во однос на наплатата на концесиските надоместоци и казнената камата со што ќе се воспостави систем на поголема контрола на концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини;
- ќе се создаде правна сигурност и подобрување на постапките за доделување на концесија за експлоатација, како и ќе се уредат други прашања од областа на рударството.

## 2. Цели на предлог регулативата

- Уредување и унапредување на постапките за доделување на концесии за експлоатација на минералните суровини со кои ќе се овозможи одржлива експлоатација и преработка на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина и здравјето на луѓето, така и од аспект на нивната цел и содржина;
- Уредување и прецизирање на постапката за едностран раскин на договорите за концеија за експлоатација склучени со концесионерите обврските кои произлегуваат од истите, од аспект на продедуралните дејствија, услови и рокови;
- Обезбедување на слободно движење на критичните суровини и производи кои содржат критични суровини пласирани на пазарот во и надвор од Република Северна Македонија, истовремено обезбедувајќи високо ниво на заштита на животната средина и одржливост, вклучително и преку подобрување на нивната кружностСе утврдуваат мерки за сигурно и одржливо снабдување со критичните суровини, вклучително и преку поттикнување на ефикасноста и циркуларноста низ целиот синџир на вредности.
- Воспоставување на систем и можност за поставување на мерен инструмент на товарената минерална суровина со кое ќе се овозможи поголема контрола.
- Донесување на Листа на стратешки минерални суровини и Листа на критични минерални суровини и признавање на проекти за експлоатација на стратешки минерални суровини како стратешки проекти;
- Дефинирање на постапката во однос на наплатата на концесиските надоместоци и казнената камата со што ќе се воспостави систем на поголема контрола на концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини
- Овозможување на инвеститорите олеснување и ефективност во постапката за признавање на капацитети за експлоатација, преработка и рециклирање на стратешките минерални суровини, како стратешки проекти.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението ,,не прави ништо"

Република Северна Македонија треба постојано да го усогласува своето национално законодавство во областа на минералните суровини со законодавството на Европската Унија. Поради зголемената потребата од одредени минерални суровини потребно е транспонирање на одредбите од Директивата 2006/21/ЕЗ за управување отпад од индустрија за екстракција и Регулатива (ЕУ) 2024/1252 за воспоставување рамка за обезбедување на сигурно и одржливо снабдување со критични суровини.

Ако не се изврши нивно транспонирање, Европската Комисија ќе ја задолжи Република Северна Македонија да се изврши нејзино транспонирање. Исто така, ако не се донесе нов закон, новите механизми и концепти со кои се дефинираат стратешките и критичните минерални суровини нема да биде постигнато со очекуваната динамика.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Се пристапи кон опцијата согласно која од сеопфатниот важечки Закон за минерални суровини се издвојуваат и се уредуваат во посебен закон/и прашањата поврзани со експлоатацијата на минералните суровини. Другите разгледувани опции се: 1. Задржување на досегашниот пристап, односно уредување на минералните суровини со единствен Закон за

минерални суровини, со кој ќе се се уредуваат постапките за геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, или со посебни закони и тоа Закон за геолошки истражувања и Закон за рударство.

Предности на избраната опција се:

- промената е голема во однос на сегашниот пристап, бидејќи начелно се додава една нова глава Доделување на концесија за стратешки и критични минерални суровини,
- се овозможува одржлива експлоатација и преработка на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина и здравјето на луѓето и
- се овозможува поголема контрола на концесионерите кои вршат експлоатација на минералните суровини.
- Се дефинираат минерални суровини од јавен и стратешки интерес.

Како единствена слаба страна на оваа опција е можноста да се појават одредени повторувања и референцирања помеѓу законот за геолошки истражувања и овој посебен закон во делот на стратешките и критични минерални суровини.

Решенијата кои со овој закон се предлагаат заради надминување на проблемите се следни:

- Транспонирање на Регулативата за стратешки и критични минерални суровини во овој закон, како и давање правен основ во законот за поблиско уредување на прашањата со подзаконски акти, со што ќе се изврши целосно транспонирање.
- Транспонирање на одредбите од Директивата 2006/21/ЕЗ за управување отпад од индустрија за екстракција.
- Уредување на постапките за добивање на концесии за експлоатација на минералните суровини, а кои се предмет на уредување и на прописите за рударство, но и на прописи во други области. Со законот се дава правен основ или насоки кои понатаму треба да се доуредат и допрецизираат со закони во други области (градење, животна средина) и во подзаконски акти донесени врз основа на овој закон со цел постапките низ кои поминуваат инвеститорите (концесионерите) да бидат појасни во исполнување на нивните обврски и услови како и пократки рокови за решавање по барањата од страна на надлежните органи и институции.
- Подобрувањето на информираноста на потенцијалните инвеститори за постапките што треба да се иницираат заради добивање на одредени дозволи, но и помошта што би можеле да ја добијат во вид на насоки и олеснета комуникација со надлежните органи и институции, треба да се постигне со воспоставување на контакт точка во рамките на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.
- Олеснување и ефективност во постапката за признавање на капацитети за експлоатација, преработка и рециклирање на стратешките минерални суровини, како стратешки проекти со формирање на Комисија за признавање на стратешки проекти како единствена точка на контакт.
- Стратешките проекти кои придонесуваат за безбедноста на снабдувањето со стратешки суровини во Република Северна Македонија а воедно и во Европската Унија имаат статус од национално значење, и се посебно третирани во постапките на издавање дозволи.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

Предлог Законот за рударство нема да има економски влијанија.

4.2 Фискални влијанија

Предлог Законот за рударство ќе има незначителни фискални импликации, односно набавка на софтвер за Информацискиот систем за поднесување на пријава за товарена експлоатирана минерална суровина, вработување на еден административен службеник во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини со звање помлад соработник и со работни задачи поврзани со информацискиот систем, за чијашто годишна бруто плата потребно е да се издвојат 550.00,00 денари од буџетот.

4.3 Социјални влијанија

Предлог Законот за рударство нема да има социјални влијанија.

4.4 Влијанија врз животната средина

Предлог Законот за рударство нема да имаат влијанија врз животната средина.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување
/
б) трошоци за почитување на регулативата
/

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Со отпочнување на консултативниот процес ќе бидат вклучени органи и институции од рударскиот сектор и тоа: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, единиците на локалната самоуправа како и засегнатата јавност – бизнис заедницата, невладините организации, научните установи итн.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

6.3 Препорачано решение со образложение

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Со донесување на овој закон ќе се донесат и подзаконските акти кои се предвидуват со законот.

Потребно е во одредбите во Законот за градење да се предвидат пократки рокови и услови во постапките за издавање на одобренија за градење или ставање во употреба на изградба на рудничката инфраструктура во рамките на концесијата за експлоатација наменета за потребите на рудниците.

Потребно е да се утврдат пократки рокови и услови за инвеститорите во производство на електрична енергија од ОИЕ во:

- Законот за животна средина – во постапките за издавање решенија за одобрување на елаборатите за заштита на животна средина и студиите за животна средина и водостопански согласности,
- Законот за урбанистичко планирање – во постапките за донесување на урбанистичките планови со кои се предвидуваат градби за рудничка инфраструктура.

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

1. Правилник за Формата и содржината за утврдување на условите за продолжување на концесијата;
2. Правилник за Формата и содржината на барањето за продолжување на концесијата за експлоатација;
3. Правилник за Формата и содржината на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини за потребите за изградба на државни и општински патишта и хидротехнички објект;
4. Правилник за Формата и содржината на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по барање од сопственикот на резултатите од извршените детални геолошки истражувања;
5. Правилник за Формата и содржината на барањето за доделување на концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирен кварц и глина;
6. Правилник за Формата и содржината на Регистарот на договорите за концесија;
7. Правилник за Формата и содржината на барањето за проширување на концесијата за експлоатација;
8. Правилник за Формата и содржината на барањето за намалување на концесијата за експлоатација;
9. Правилник за Формата и содржината на барањето за пренос на концесија за експлоатација;
10. Правилник за Формата и содржината на барањето за давање на согласност за статусната измена на концесионерот;
11. Правилник за Формата и содржината на барањето за преносот на удели или акции;
12. Правилник за Формата и содржината на барањето за еднострaн раскин на договорот за концесија за експлоатација од страна на концесионерот;

13. Правилник за Формата и содржината на барањето за издавање на дозвола за собирање на скапоцени камења;
14. Правилник за Формата и содржината на пријавата на сите пронајдени количини на скапоцени камења;
15. Правилник за Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на дозволи за експлоатација на минерални суровини;
16. Правилник за Формата и содржината на барањето за издавање на дозвола за експлоатација;
17. Правилник за Формата и содржината на барањето за издавање на дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект;
18. Правилник за Формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на дозволи за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект;
19. Правилник за Формата и содржината на барањето за спојување на концесии;
20. Правилник за Формата и содржината на проценката за исполнетоста на критериумите за проекти за експлоатација на стратешки минерални суровини;
21. Правилник за Формата и содржината на извештајот за стратешкиот проект;
22. Правилник за Формата и содржината на книгата за водење технички надзор, како и начинот на вршење на техничкиот надзор;
23. Правилник за Формата и содржината на геодетскиот елаборат;
24. Правилник за Формата и содржината и начинот на водење на регистарот за доставените геодетски елаборати;
25. Правилник за видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударските планови;
26. Правилник за видот, содржината и начинот на изготвување на извештајот заедно со ситуационата карта;
27. Правилник за начинот на доставување и содржината на пресметка на експлоатираните и продадените количини;
28. Правилник за Содржината и начинот на доставување на податоците;
29. Правилник за Начинот на пријавувањето на товарената експлоатирана минерална суровина, како и минимално-техничките услови за поставувањето на информацискиот систем;
30. Правилник за Формата, содржината и начинот на водење на евиденција за резервите на минерални суровини;
31. Правилник за Начинот на водење на евиденцијата за произведените количини на минерални суровини;
32. Правилник за Начинот на класификација и прекатегоризација на рудните резерви;
33. Техничките нормативи кои се применуваат при изведување на рударските работи;
34. Уредба за начинот на вршење на техничкиот преглед, како и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед;
35. Правилник за Формата и содржината на рударските проекти;
36. Правилник за Формата и содржината на на ревизорската клаузула и ревизискиот извештај;
37. Правилник за Формата и содржината на барањето за издавање на лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството;
38. Правилник за формата и содржината на лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството, поблиските услови и начинот на добивање и одземање на лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството, како и висината на надоместоците за издавање на лиценцата;

39. Правилник за Формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството;
40. Правилник за програмата за полагање на испитот и поблиските услови за спроведување на испитот;
41. Правилник за Формата и содржината на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството;
42. Правилник за Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадени овластувања и лиценци;
43. Правилник за Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадени овластувања и лиценци;
44. Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за експлоатација на минерални суровини;
45. Правилник за Начинот на организирањето и работата на службата за спасување;
46. Правилник за Поблиските услови и начинот на спроведување на безбедноста при работа во рударството;
47. Правилник за Начинот на изработка и содржината на програмата за спречување на значителни опасности;
48. Правилник за Формата и содржината на извештај за извршена санација и рекултивација на просторот;
49. Правилник за Формата и содржината на Планот за управување со отпад од минерални суровини со санација и рекултивација на деградираните простори;
50. Правилник за Содржината на Програмата за спречување на значителни опасности;
51. Правилник за Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на затворени инсталации за управување со отпад;
52. Правилник за Начинот на земањето и количеството на мострата;
53. Правилник за Формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Се предвидува подзаконските актие да се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:

- Влада на Република Северна Македонија
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
- Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Државен инспекторат за животна средина,
- Управа за јавни приходи

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

- Изработка и усвојување на подзаконските акти во рокот уврден во законот. Во изработката на дел од подзаконските акти, министерството за енергетика, рударство

и минерални суровини очекува поддршка од експерти учествуваа во изработката на законот.

## 8. Следење и евалуација

### 8. 1 Начин на следење на спроведувањето

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе врши надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Материјата за експлоатацијата на минералните суровини досега беше законски уредена како дел од Законот за минерални суровини, па од таму и досега се вршеше евалуација на ефектите од примената на одредбите за експлоатација на минералните суровини, вклучително и пред започнувањето со изработката на овој закон.

Текстот на законот предвидува пред донесувањето на индикативниот план за спроведување на тендерски постапки за доделување на мерки за поддршка или при негова поголема промена, министерството може да ја ажурира листата на стратешки и критични минерални суровини на секои три години како и да врши проценка на ефективноста на применливите и применетите постапки за доделување на концесии за експлоатација, како и на ефектите од нивните можни промени и воведувањето на нови мерки.

Законот за рударство утврдува обврска на секои две години носителот на проектот, по датумот на признавање како стратешки проект, поднесува извештај до органот на државната управа надлежен за работите од обласга на енергетиката, рудаството и минералните суровини кој содржи информации. Носители на проекти чии стратешки проекти се признаени од Европската Комисија, извештајот го доставуваат до Европската комисија, со што на еден начин се врши евалуација на ефектите од примената и на одредбите од овој закон.

Со овие механизми вградени во законите, ќе се има континуирана евалуација на ефектите од законот.

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 28.07.2025 година

Горан Јовановски
потпис на државен секретар

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 28.07.2025 година

потпис на министерот